Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. УП1-11/4-657/2016 (2)

Дата: 17. 02. 2017

ДО: „ТХОР ИМПЕКС" ДООЕЛ
ул. „Борис Трајковски" бр.1 Ламела 4/2
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на мислење

ВРСКА: Ваш број 03-17-05 од 30.01.2017 година

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Мислење по Ваше барање кое се однесува на измени на опрема за проектот: Изградба на Парк на ветерни електрани „БОГОСЛОВЕЦ" на територијата на општина Свети Николе и општина Штип, за потребите на инвеститорот „ТХОР ИМПЕКС" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Република Македонија · Министерство за животна средина и просторно планирање · Скопје

Подготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен: Александар Петковски
Одобрил:в.д.Директор на Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

МКД
СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. УП1-11/4-657/2016 од 17. 02. 2017 година
Скопје

ПРЕДМЕТ : Мислење

Во врска со доставеното Барање кое се однесува на измени на опрема за проектот: Изградба на Парк на ветерни електрани „БОГОСЛОВЕЦ" на територијата на општина Свети Николе и општина Штип, за потребите на инвеститорот „ТХОР ИМПЕКС" ДООЕЛ од Скопје, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање Ви го доставува следното

## МИСЛЕЊЕ

Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање ја разгледа предметната документација и Согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 39/2016), Ве известува дека со настанатите промени на опрема и зголемување на моќност од 3.6MW за секоја турбина и со дијаметар на ротор од максимум 142m при изведување на горенаведениот проект не се предвидуваат нови технологии или методи на градење во однос на оние предвидени во постојната техничко-технолошка документација и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, одобрена од Министерството за животна средина и просторно планирање (арх.бр.УП1-11/4-657/2016). Имено во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина разгледувани се алтернативи за избор на технологија со можности за избор на турбини до 3.6MW, поради тоа се изјаснуваме позитивно и од еколошки аспект предвидените измени нема да има никакво значително влијание врз животната средина.

Со почит,

Изработил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен: Александар Петковски

в.д. Директор на
Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

THOR impex

ТХОР ИМПЕКС ДОО
Ул. Борис Трајковски бр 1 Ламела 4/2
П фах 907
1000 Скопје, Македонија
Тел. 02/2720600
Факс 02/2720602
Моб 070393972

Друштво за трговија и услуги
ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ
Бр. 03-17-05
30.1 2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ
Примено: 30. 01. 2017
Орг. Един: УП1-11/4 | Број: 657/2016 | Прилог: 1

**ДО: Министерство за Животна Средина на Република Македонија**

1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** **Мала измена на ршение со број УП1-11/4-657/2016**

Почитуван Министер Гдин Башким Амети,

Како прво да ви се заблагодариме за решението со број УП1-11/4-657/2016 со кое не известивте дека имаме согласност од Вашето Министерство за изградба на Ветро парк на ветерни електрани Богословец на територијата на Свети Николе и Штип.

Како дел од постапката на развивање на проектот, ние како инвеститори направивме тендер за опрема, на која што добивме доста понуди. Факт е дека технологијата се развива со енормна брзина, и трендот оди натака што моментално ни е понудена опрема од истиот производител за која што водевме постапка во Вашето Министерство но со многу подобри технички карактеристики.

Опремата која е најадекватна во овој момент за нашиот проект има моќност од 3.6 MW за секоја турбина и со дијаметар на ротор од максимум 142 метри. Во таа насока молиме да ни издадете позитивно мислење или пак да го промените решението каде што на страна број 2 ќе бидат наведени овие технички податоци. Копија од решението ви доставуваме во прилог. Убедени сме дека од еколошки аспект абсолутно нема ништо да се промени на проектот, односно дека студијата доставена е со исти заклучоци за првичната опрема, како и за таа која се одлучивме на нашиот тендер.

Ние како инвеститори на проектот, ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, стоиме на располагање да ги одговориме сите ваши прашања во врска со проектот преку контакт лицето Блашко Лазаревски на 070393972 или пак на емаил на blasko1975@gmail.com

Користиме прилика да ве поздавиме,

30.1.2017 Скопје

ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ

Управител Блашко Лазаревски

Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ СКОПЈЕ